Асоцијација за унапредување на статусот на жената во Македонија „Женска акција“ Радовиш во рамки на проектот „Зајакнување на жените за користење на општински е-услуги“ поддржан од Акција Здруженска преку проектот ***„Жените го преземаат водството во локалните заедници“,*** финансиран од Делегацијата на Европаската Унија, а ко-финансиран од Шведска и спроведуван во партнерство со Фондација Kvinna till Kvinna и Хуманитарно Здружение Мајка“ - Куманово објавува

**ЈАВЕН ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ЕКСПЕРТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРОЕКТОТ „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОПШТИНСКИ Е-УСЛУГИ**

1. ОПИС И ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ

Проектот „Зајакнување на жените за користење на општински е-услуги“,има за цел да одговори на значителниот родово дигитален јаз преку подигање на свеста за поактивно и ефикасно учество на жените во користењето на општинските е-услуги, градење на нивните капацитети, рушење на родовите стереотипи и други бариери за жените да имаат еднаква корист од можностите што ги нуди дигитализацијата. Оваа цел ќе се постигне преку (1) зајакнати дигитални вештини на жени за користење на општинските е-услуги и ефективен придонес и влијание ва интегрирање на родовата еднаквост во локалните политики, (2) подобрување на соработката со релевантните институции за размена на искуства и заеднички застапувачки акции (врз основа на аргументи) за унапредување на локалните е-услуги и концептот на родовата еднаквост.

2. ЦЕЛ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Опис на активноста:**

За остварување на поставените цели, ќе се ангажира експерт, кој ќе развие методологија за спроведување на теренско истражување со жени од 6 локални заедници во општините Радовиш и Конче, со цел да се добијат податоци за нивниот пристап до постоечките општински е-услуги, нивото на задоволство од користењето, како и главните бариери со кои се соочуваат при пристап и користење на овие услуги. Исто така ќе се спроведат 6 фокус

Овој текст е изготвен со помош на The Kvinna till Kvinna Foundation, Акција Здруженска и ХЗ Мајка поддржани од Европската Унија и кофинансирано од Шведска. Содржината на овој материјал е единствена одговорност на АУСЖМ Женска акција Радовиш и во никој случај не ги одразува ставовите на The Kvinna till Kvinna Foundation, Акција Здруженска, ХЗ Мајка, Европската Унија и Шведска.

групи со жени од 6 локални заедници и интервјуа со претставници од општините Радовиш и Конче.
Истражувањето, исто така, ќе овозможи идентификација на потенцијални потреби за нови или подобрени е-услуги, согласно искуствата и предлозите на жените од различни локални заедници. Податоците ќе се користат за понатамошна анализа и креирање на препораки за унапредување на локалните е-услуги од родова перспектива.

## 3. ЗАДАЧИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ангажираниот експерт/ка ќе биде одговорен/на за следните задачи:

**Задача 1: Спроведување на интервју со вработени во ЕЛС Радовиш и Конче**

Реализирање на 2 структуирани интервјуа (по едно интервју со претставници од ЕЛС Радовиш и Конче за начинот на спроведување и искористеност на општинските е-услуги.)
Интервјуата ќе се спроведат користејќи ја веќе подготвената методологија

**Задача 2: Реализирање на 6 фокус групи**

Фокус групите ќе бидат спроведени со физичко присуство од страна на надворешни соработници ангажирани од проектот врз основа на претходно изготвено упатство за чија изработка ќе биде задолжен да го изготви избраниот експерт.

**Задача 3. Спроведување на теренско истражување**

Подготовка на анкетни прашалници за истражување: за пристапот, задоволството на жени од заедницата и пречките за пристап од постоечките општински е-услуги што ги нудат општините Радовиш и Конче и идентификација на потребите за нови услуги.
Еднодневна работилница за едукација и инструктажа на анкетарки за спроведување на теренско истражување.
Обработка на податоци од спроведена анкета.

**Задача 4. Подготовка на документ за застапување**
Ангажираниот експерт врз основа на добиените податоци од истражувањето ќе генерира квантитативни и квалитативни анализи и ќе развие документ кој ќе се користи за застапување на локално ниво.

Овој текст е изготвен со помош на The Kvinna till Kvinna Foundation, Акција Здруженска и ХЗ Мајка поддржани од Европската Унија и кофинансирано од Шведска. Содржината на овој материјал е единствена одговорност на АУСЖМ Женска акција Радовиш и во никој случај не ги одразува ставовите на The Kvinna till Kvinna Foundation, Акција Здруженска, ХЗ Мајка, Европската Унија и Шведска.

**Очекувани продукти:**

- Изработка на методологија и дизајн за истражувањето
- Анализа и презентација на првичните наоди пред проектниот тим
- Подготовка на извештај со наодите со заклучоци и препораки
- Изготвување на документ кој ќе се користи на локално ниво

## 4. ВРЕМЕНСКА РАМКА:

Експертот кој ќе биде ангажиран работните задачи ќе треба да ги спроведе во рамки на 10 работни дена во периодот **мај – октомври 2025 година**. За секој работен ден предвиден е надоместок од 6.000 мкд во бруто износ кој ќе биде исплатен по комплетирање на задачите. Исплатата може да се врши на 2 рати по комплетиран и одобрен продукт.

## 5. **ПРОЦЕС НА АПЛИЦИРАЊЕ**:

Овој повик е јавен. Секој што ги исполнува условите може да се пријави на овој повик. Предлозите треба да бидат на македонски јазик, да ја следат структурата и/или да се усогласат со барањата наведени подолу:

**Потребна документација:**

- Предлог Методологија
- Кратка биографија (не подолга од 3 страни) пожелно во Европас формат. Ве молиме концентрирајте се на искуството кое е поврзано со темата на огласот, Истражувачко портфолио
- Најмалку 2 претходно спроведени релевантни истражувања (да се приложат како посебни документи)

Краен рок за поднесување на апликацијата е 02.05.2025 година. Предлозите треба да се испратат до Асоцијација за унапредување на статусот на жената во Македонија „Женска акција“ Радовиш на следната адреса zenska.akcija@gmail.com . Апликантот во предметот ќе цитира: Пријава на јавен повик за експертски услуги за истражување.

Апликациите кои ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се доставени според условите на повикот нема да бидат земени во предвид.

Овој текст е изготвен со помош на The Kvinna till Kvinna Foundation, Акција Здруженска и ХЗ Мајка поддржани од Европската Унија и кофинансирано од Шведска. Содржината на овој материјал е единствена одговорност на АУСЖМ Женска акција Радовиш и во никој случај не ги одразува ставовите на The Kvinna till Kvinna Foundation, Акција Здруженска, ХЗ Мајка, Европската Унија и Шведска.